РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-170/2
07.02.2020 год
ПЕХЧЕВО

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Равен 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk
**www.pehcevo.gov.mk**

Врз основа на член 50 став 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/02, 30/13 и 04/14) член 37 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр.38/96, 06/02, 30/02, 30/02, 14/06, 23/07, 03/09, 13/12, 29/13, 27/14, 19/15, 17/15,29/16) и врз основа на член 41 став 6 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник 04/09) Градоначалникот на општина Пехчево на ден 07.02.2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За поништување на Јавен оглас за избор на директор на ЈКП Комуналец Пехчево**

СЕ ПОНИШТУВА јавниот оглас за избор на директор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево објавен на 11.11.2019 поради направена грешка при административната селекција.

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По објавувањето на јавен оглас во три дневни весниции и извршената административна селекција, комисијата за административна селекција донесе Заклучок бр. 04-1435/3 од 22.11.2019 год. со кој се констатира дека три кандидати меѓу кои е и избраниот кандидат ги исполнуваат условите побарани во огласот.

Со кандидатите е извршено интервју, по што Градоначалникот на ден 10.12.2019 година донесе решение за избор на директор. Меѓутоа поради направениот превид при административната селекција за директор е избрано лице што не ги исполнува законските услови за вршење на функцијата директор. Поради тоа Градоначалникот донесе Решение за поништување на јавниот оглас објавен на 11.11.2019 година во дневните весници Слободен Печат, НоваМакедонија и Лајм.

Согласно горенаведеното се Одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Д/Н: Решението да биде објавено на интернет страницата на општина Пехчево и на огласната табла на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
Драган Тренчовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ПЕХЧЕВО